Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 23.03.2022 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108826 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Министерство за одбрана на Република Македонија со адреса во Скопје на ул. Орце Николов бр.116, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации на 29.05.2014 година има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108826 на корисникот Министерство за одбрана на Република Македонија со адреса во Скопје на ул. Орце Николов бр.116.

Корисникот Министерство за одбрана на Република С. Македонија до Агенцијата за електронски комуникации на 22.03.2022 година достави барање број УП1 бр.0802-132 за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108826.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19,153/19 и 92/21), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-132
Скопје 29.03.2022

Изработил: Раководител на одделение за фиксна
и мобилна служба: Радка Шекутковска
23.03.2022
Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски
Советник на директорот за радиокомуникации,
контрола и мониторинг на радиофреквенции:
Игор Бојаџиев

**Директор,**

**Jeton Akiku**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство